**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
БУЏЕТСКИ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Број 31- 3501 /
22 септември 2014 година
С к о п ј е

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**г. Трајко Вељаноски**

Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија на Втората седница одржана на 22 септември 2014 година го разгледа

**Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2015 година-Раздел 02001 Собрание на Република Македонија**

и врз основа на расправата едногласно го усвои следниот

З а к л у ч о к:

1.Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија го разгледа Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2015 година**,** Раздел 02001 Собрание на Република Македонија.

2.Буџетскиот совет констатира дека средствата кои се утврдени во Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2015 година, во Разделот 02001 Собрание на Република Македонија отстапуваат од средствата кои се предложени во Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2015 година, кое Буџетскиот совет го усвои и достави до Министерството за финансии.

3. Во функција на реализација на целите и приоритетите кои се утврдени во Стратешкиот план на Собранието на Република Македонија за периодот 2015-2017 година, Буџетскиот совет цени дека е потребно согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија да се поднесе амандман на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2015 година со кој ќе се прераспределат финансиските средства по одделни Програми, Потпрограми и ставки во рамки на Разделот 02001.

4.Овој заклучок да се достави до претседателот на Собранието на Република Македонија, Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија и до Министерството за финансии (Влада на Република Македонија).

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА БУЏЕТСКИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,**
Рафис Аљити